Ристо ХРИСТОВ

# ЗА "БУНТОТ" НА СЕЛАНИТЕ ОД КРУШЕВСКАТА ОКОЛИЈА (1921-1922) ПРОТИВ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АГРАРНАТА РЕФОРМА

Несредените аграрно-правни односи и нерешеното прашање за сопственоста на земјата му нанеле големи несреќи на селанството во Македонија. Несреќите се зголемиле особено во текот на Балканските војни (1912-1913) и на Првата светска војна (1914-1918). Чифликсајбиите, како сопственици на крупните имоти - чифлизи, напуштајќи ја Македонија и заминувајќи во Турција со остатоците од разбиената турска војска почнале да ги распродаваат имотите или делови од нив, кои чифлигарите уште одамна пред балканските војни ги откупувале според своите материјални можности, секогаш прибирајќи ги нужните парични средства со крајно лишување. Во многу случаи за скапо купените имоти земјоделските производители не поседувале соодветни правосилни документи за сопственост ("тапии"), поради што, и покрај тоа што купените имоти ги обработувале со децении и со генерации, сопственоста можела многу лесно да им биде оспорена.

Несреденоста на имотно-правните односи ја зголемила и великосрпската власт. Настојувајќи напуштените чифлизи да ги зачува за колонистичките семејства, кои што планирала да ги насели на територијата на Вардарска Македонија, органите на штотуку воспоставената власт на теренот биле известени од меродавните во Белград дека чифчиите треба енергично да бидат спречени самоволно да ги присвојуваат имотите на поранешните чифликсајбии. Окружните началства добиле наредба да ги прогласат за неважечки сите купопродажни договори, со кои чифликсајбиите им ги продале своите имоти на македонските селани[1].

Ваквите мерки на српската државна власт предизвикале среде македонското селанство изблик на огромно незадоволство, целосна ожесточеност и силен отпор. Довчерашните обработувачи на чифличката земја не можеле да стекнат право на сопственост врз имотите што ги обработувале со генерации, најчесто не заклучувајќи со чифликсајбиите никакви формално-правни договори и целосно држејќи се до наследните обичаи и до традиционалните облици на уредување на

[1] Глигор Тодоровски, Извештај за битолскиот округ од 1913 година, "Историја", X/1, Скопје, 1974, 245.

односите. Српската државна власт не само што не им го признавала правото на сопственост, туку почнала да ги определува и условите под кои ќе бидат обработувани ваквите имоти, кои таа ги прогласила за државни[2].

На судбината на имотите на поранешните чифликсајбии кои ја напуштиле Македонија укажав уште во еден прилог, во којшто беа објавени неколку документи за нерасчистени имотно-правни односи во земјоделството во Вардарска Македонија во годините по завршувањето на на Првата светска војна[3]. Околиската финансиска управа во Крушево на 29 декември 1921 година го известува Министерството за финансии во Белград дека бессопственичките имоти во таа општина биле издадени во едногодишен закуп и оти околиската управа оставила семе за сеидба за идната 1922 година, воедно барајќи објаснување дали е постапено во согласност со уставот и со законот[4]. Министерството за финансии на 18 март 1922 година ја известило околиската финансиска управа во Крушево дека правилно се постапило што ваквите имоти биле дадени под закуп и оти имотите на сите поранешни чифликсајбии - турски поданици "ќе ги управува државата"[5].

Во неодамна објавената социо-економска студија за селото во вардарскиот дел од Македонија меѓу двете светски војни, проследувајќи го прашањето за измените во аграрно-правните односи во земјоделството на Македонија во тој период, а посебно прашањето за издавањето под закуп на имотите во државна сопственост, објавив и еден подолг извештај - изјава на еден жител од с. Рувци (Крушевска околија). Изјавата убедливо покажуваше со какви тешкотии се соочиле домаќинствата кои работеле на чифлизите, поради тоа што државата почнала да ги издава под закуп[6]. Потоа, се покажа дека ова е само една од изјавите на повеќемината земјоделски производители од ова село, дадени на специјалната комисија

---

[2] Посочувајќи ги различните категории на земјоделска површина како објекти на колонизацијата, д-р А. Апостолов во својата студија за колонизацијата на овој дел од Македонија меѓу двете светски војни пишува дека уште со Уредбата од 24 септември 1920 година биле предвидени за распределба на колонистите и напуштените имоти на приватните сопственици, под кои, меѓу другите, веројатно се подразбираат и имотите на побегнатите чифликсајбии. Поради карактерот на самиот труд, во којшто се осветлени проблемите на колонизацијата, авторот не го проследил прашањето за начинот и условите под кои српската власт настојувала да бидат обработувани крупните поседи (чифлизите) и во каква положба се нашле македонските земјоделски производители кои уште од порано ги обработувале овие имоти. (Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, Скопје 1966, 77).

[3] Ристо Христов, Неколку документи за нерасчистени имотно-правни односи во земјоделството на Вардарска Македонија по завршувањето на Првата светска војна, "Историја", XXI/2, Скопје, 1985, 347-355.

[4] Истото, док. бр. 4, 353.

[5] Истото, док. бр. 7, 355.

[6] Ристо Христов, Селото во вардарскиот дел од Македонија меѓу двете светски војни, Скопје, 1993, 73.

која добила задача да го испита случајот со издавањето под закуп на чифлизите во с. Руфци и да ги утврди причините за незадоволството на селаните.

Бев на мислење дека напластениот гнев кај македонското селанство не ја преминал границата на едно пасивно незадоволство. Пред финансиските дирекции и пред надлежните судови биле поведени низа спорови. Земјоделските производители ѝ го оспорувале правото на државата да се меша во нивните сопственички односи. Тие со право сметале дека земјата е нивна и оти тие треба да продолжат да ја обработуваат како своја приватна сопственост и при сите услови на самостојни и слободни земјоделски производители. Незадоволството се изразувало и преку незаинтересираноста на земјоделското население за порационално обработување на површините, низ недомаќинскиот однос спрема имотот, незаинтересираноста за нови вложувања и за унапредување на производството и сл.

При едно истражување во 1983 година во Архивот на Југославија во Белград, во фондот на Министерството за финансии наидов на поголем број оригинални архивски документи со што може да се види дека земјоделските производители дале многу посилен отпор, не сакајќи имотите да ги обработуваат под условите што им ги диктирала државата. Документите се однесуваат на отпорот, апсењето, затворањето и сослушувањето на селаните од селата Рувци, Кривогаштани и Обршани, кои тогаш влегувале во составот на Крушевската околија (срез)[7].

Јован Ќирковиќ, народен пратеник од Охридскиот округ, со писмо од 30 ноември 1921 година го известил министерот за финансии на тогашното Кралство СХС дека правата на околу педесет чивчиски домаќинства од селата Рувци и Кривогаштани кои повеќе од еден век ги обработувале овие имоти, биле сосема згазени. Чифлизите од поранешните чифликсајбии кои ја напуштиле земјата Министерството за финансии им ги издало под закуп на најразлични лихвари и на закупувачи кои самите не се занимавале со земјоделство. Во настојувањето да извлечат колку што можат повеќе од селаните - обработувачи на земјата, при поделбата на житото закупувачите не им оставале семе за сеидба на производителите - како што се практикувало порано - земале еден дел од зеленчукот, од сеното, од бостанот и од други производи, што за време на турското владеење не било обичај. Тој проценувал дека закупнината што закупувачите ѝ ја плаќале на државата не изнесувала ниту дванаесетти дел од вредноста на земјоделските производи кои тие самоволно и насилно ги одземале од селаните[8].

---

[7] По ослободувањето, а и сега тие села спаѓаат во Кривогаштанска општина.

[8] "...Вашето Министерство - пишува понатаму Ј. Ќирковиќ, мислејќи на Министерството за финансии - чифлизите кои според чл. 42 од Уставот им припаѓаат на чифчиите, а чии соп-

Седум крупни имоти на поранешните турски поданици - чифлик-сајбии од селата Рувци, Бучин и Врбоец биле издадени во 1921 година под закуп за вкупна сума од 137.777,50 динари. Имотите биле издадени под закуп преку јавни лицитации. При одржувањето на јавните лицитациони наддавања - барем како што е наведено во оригиналниот службен извештај на Генералната дирекција на државните добра - селаните не дале никаков приговор. Кога дошло време за поделба на производите - селаните одбиле да ја поделат добивката со закупувачите, овластувајќи го адвокатот М. Паиќ од Битола да ги застапува пред надлежната власт. Адвокатот поднел жалба со која барал на наполичарите да им биде оставено целокупното производство[9].

Дирекцијата на државните добра, по примањето на жалбите на селаните од селата Кривогаштани, Рувци и Бучин, издала наредба до Финансиската управа во Крушево да се поделат производите помеѓу наполичарите и закупувачите на еднакви делови. Семе за сеидба да не се остава. Дирекцијата очекувала дека за идната економска година (1922-1923) ќе се постапи според член 42 од Уставот, кој предвидувал дека сите што ќе бидат внесени во наследничките книги ("убаштинети"), т.е. ќе ја добијат земјата во сопственост и во трајно владеење, се должни сами да остават семе за сеидба[10].

По таа наредба на Дирекцијата на државните добра, почнала поделбата на плодовите. Незадоволните земјоделски производители одново поднеле жалба, овојпат до Министерството за аграрна реформа. Соочувајќи се со наочекувано силниот отпор на селаните, на 12 септември Дирекцијата издала наредба до Финансиската управа во Крушево "да ја запре натамошната поделба на плодовите". Со акт од 19 септември Финансиската управа на Крушево одговорила дека "поделбата на плодовите е при крај". Дирекцијата на државните добра сметала дека поделбата на производите би требало да се изврши целосно и доследно. Во спротивен случај - ако поделбата не се изврши - државата била должна да им ги врати на закупувачите паричните средства земени како закупнина за лицитираните имоти[11].

Министерството за аграрна реформа, исплашено од назадоволството на селаните сметало дека Министерството за финансии не постапило правилно кога ги издало под закуп имотите на поранешните чифлик-сајбии. Министерот за финансии одговорил дека државата "како соп-

ственици не се тука, во земјата ги издава во закуп на страшните лихвари, кои станаа такви пљачкаши, што оваа бедотија (чифчиите) ја оставија гола и гладна на улица". (Архив на Југославија, фонд на Министерството за финансии, фасцикла 151, архивска единица 234. Во натамошниот текст: АЈ, МТИ и бројки).

[9] Истото.

[10] Истото.

[11] Истото.

ственик на сиот движен и недвижен имот на побегнатите Турци", постапила правилно и оти склучените договори помеѓу државата и закупувачите не можат да се поништат. Во летото 1920 година државата им оставила свое семе на обработувачите, кое есента 1920 и пролетта 1921 година тие го посејале[12].

Ј. Ќирковиќ предложил да се формира една комисија од два члена - еден член од Министерството за финансии и еден член од Министерството за аграрна реформа. Комисијата била формирана со решение на министерот за финансии од 11 јануари 1922 година. По прегледувањето на актите што се однесувале на издавањето во едногодишен закуп на имотите во споменатите села и по сослушувањето на селаните - обработувачи на овие имоти, на 20 февруари 1922 година членовите на комисијата го поднеле својот извештај. Комисијата ги утврдила следните неправилности:

- Началникот на Крушевска околија, постапувајќи според наредбата на началството на Битолскиот округ на 18 јануари 1921 година во списокот на бессопственичките имоти ги внел сите имоти чии сопственици ја напуштиле земјата, "а не се водело сметка дали на тие имоти има лица кои живеат пред повеќе години и кои тие имоти ги обработуваат";

- Финансиската управа во Крушево, врз основа на неточно составениот список на бессопственичките имоти ги издала во едногодишен закуп сите имоти. Лицитациите во селата Рувци и Кривогаштани, одржани во последните денови на мај 1921 година, биле поништени: лицитацијата во Кривогаштани со решение на Окружната финансиска управа во Битола, а лицитацијата во с. Рувци со решение на Министерството за финансии;

- Извршителот на овие лицитации, даночниот службеник Александар Митиќ, при лицитирањето на имотите објаснил дека оној кој ќе го добие закупот е должен за идната година да им остави семе за сеидба на селаните. Селаните изјавиле дека овој услов даночниот службеник го објавил пред почнувањето на лицитациите. По еден месец извршителот на лицитациите ги изменил условите, самоволно додавајќи кон текстот на протоколите дека "семето ќе се оддели од купот на гумното, остатокот да се подели со наполичарите". Тоа значело дека едната половина од семето паѓала на товар на производителите;

- По поништувањето на лицитациите од мај биле закажани нови. Селаните изјавиле дека извршителот на лицитациите не ја прифатил повисоката понудена цена, туку ги издал имотите за пониска цена, правдајќи се дека повисоката цена била понудена по заклучувањето на лицитацијата;

- Извршителот на лицитациите згрешил и кога дозволил на половина да се дели не само житото, туку и сите други производи. Полициската

---

[12] Истото.

власт, не водејќи сметка за протестите на селаните и за нивното барање да се причека со поделбата на производите додека Околиската финансиска управа во Крушево не донесе решение по нивната жалба, наредила да продолжи делбата на производите;

- На 22 декември 1921 година селаните упатиле жалба до Околиската финансиска управа во Крушево. Наместо да донесе решение за изјавената жалба на селаните, на 25 октомври околискиот началник испратил на теренот едно службено лице за да ги убедува селаните да се согласат со делбата на плодовите. Селаните не се согласиле. За ставот на селаните службеното лице испратило извештај до околискиот началник;

- Наспроти несогласувањето и отпорот на селаните, службеното лице на Околиската финансиска управа издало наредба до општинскиот суд за проценка на бостанот, од кој еден дел требало да добијат закупувачите, покрај тоа што службеното лице "од одделни селани насилно ноќе одземало пченка". Селаните изјавиле дека "наместо бостан требало да даваат жито";

- Под заштита на полициската власт, службеното лице на Околиската финансиска управа се обидело да го скрши отпорот на селаните на тој начин што седум лица, жители на с. Рувци, ги лишило од слобода. Лицата биле врзани и под присила биле доведени во околиската канцеларија. Уште неколку други луѓе, чиј број не е наведен, неврзани биле присилени да дојдат во канцеларијата на околиската управа. Сите биле "ставени во затвор каде што поминале до следното утро[13]".

Приведените жители биле сослушани на 16 февруари 1922 година. Засега стојат на располагање изјавите на осум жители од с. Рувци, на седум жители од с. Кривогаштани и на еден жител од с. Обршани. Сите со ред изјавиле дека на имотите издадени под закуп работеле како чифчии во текот на повеќе години и децении. На повеќето од нив и родителите им ги обработувале истите имоти. За време на турското владеење имале обврски спрема чифликсајбиите како и другите чифчии. Во годините на бугарската окупација "бугарската власт земаше сè, а нам нѝ оставаше само толку колку што нѝ беше потребно за исхрана"[14].

Во 1921 година новата српска власт ги издала имотите под закуп преку надлежната Околиска финансиска управа. Извршителот на лицитацијата ги објавил условите. Семе за сеидба требало од својот дел да издвои лицето што ќе го добие имотот под закуп. Подоцна условите биле изменети: половината од семето требало да обезбедат обработувачите, иако во есента 1921 година нивите биле посеани со семе кое не го дале закупувачите, туку го обезбедила државата. Селаните го добиле семето од надлежната финансиска управа. Сите сослушани изјавиле дека не им

[13] Истото.

[14] Истото.

е познато кој ги изменил условите на лицитацијата. Наместо одговор од Министерството за финансии - до кое се жалеле - селаните кои не сакале доброволно да дадат семе за сеидба биле уапсени од околиската жандармерија[15].

Два дена по изјавата на селаните (на 18 февруари 1922 година), изјава дал и извршителот на лицитацијата - даночниот службеник Александар Митиќ. Тој признал дека при лицитацијата јавно било кажано дека селаните нема да издвојат семе за сеидба, туку сето ќе падне на товар на закупувачите. "Така не мислев" - се вели во неговата изјава - "но така објавив. На самиот ден на лицитацијата имаше голема вознемиреност кај селаните, па за да ја смирам таа вознемиреност го направив тоа"[16]. Но наместо да ја "смири таа вознемиреност", со својата самоволна одлука - половината од семето за сеидба да го даваат обработувачите - како овластен застапник на државната власт тој го навлекол на себе гневот на селаните[17].

Недостигот на извори оневозможува подетално и поцелосно да се осветли овој очигледно интересен и значаен настан од животот на селанството во тогашната Крушевската околија и пошироко од тој дел на Македонија, во годините непосредно по завршувањето на Првата светска војна и во самиот почеток на создавањето на новата држава - Кралството СХС. Во објавените трудови не може да се сретне ниту еден податок за овој настан. Бројот на архивските документи кои се однесуваат на овој проблем е прилично голем. Од преписката помеѓу Министерството за финансии, Министерството за аграрна реформа, Дирекцијата на државните добра, Околиската финансиска управа во Крушево и Окружната финансиска управа во Битола останале зачувани значаен број документи. Меѓутоа, сета таа преписка во најголема мера се однесува на расчистувањето на правната страна на проблемот: дали е постапено правилно и во согласност со законот во некој одделен и конкретен случај, известувања за начинот како е постапено и мислење како би требало да се постапи за да се реши проблемот и сл.

---

[15] Истото. "Кој подоцна овие услови ги изменил - стои во изјавата на еден од уапсените и сослушуваните - и досудил половината од семето да им го дадеме на закупувачите - од купот - не знам. Но ние на тоа се противевме и не сакавме да им го дадеме на закупувачите половината од семето, туку се жалевме до Министерството, но задоволение не добивме, ами околискиот писар г. Будимир Миленковиќ дојде со закупувачите и жандармите, па кога ние не сакавме доброволно да дадеме семе, тие нас врзани не доведоа во околиската жандармерија и тука не уапсија вечерта и не држеа во затвор до утрото, па тогаш не пуштија, а житото насилно ни беше поделено на половина, со семето заедно". (Истото).

[16] Истото.

[17] По неполн месец - на 15 март 1922 година - Министерството за финансии ја известило Генералната дирекција на државните добра дека комисијата која ги сослушувала селаните и самиот А. Митиќ утврдила "неправилност во работата на А. Митиќ која повлекува материјална одговорност". (Истото).

Не може точно да се утврди ниту бројот на семејствата кои како обработувачи на поранешните чифлизи, најнепосредно засегнати од преземените мерки на државата овие имоти да ги прогласи за државни и да ги издава под закуп, настојувајќи на тој начин да ги зачува за идните колонисти. Ј. Ќирковиќ наведува дека само во селата Рувци и Кривогаштани околу педесет чифлигарски домаќинства, кои повеќе од еден век работеле по чифлизите, биле изложени на своеволијата на закупувачите и доведени во исклучително тешка и незавидна положба. Во таква положба несомнено се нашле уште поголем број земјоделски домаќинства и од повеќе други села во Крушевска околија во кои постоеле чифлизи.

За размерите на овој настан - којшто при оваа прилика условно го нареков "бунт" - не може да се суди само врз основа на сослушаните вкупно шеснаесет жители. Не е познато ниту колку жители биле затворени. Надвор од секое сомнение е дека бројот на учесниците бил многу поголем. Во судир со надлежната државна власт дошле сите семејни домаќинства и жители од селата во кои постоеле чифлизи, и кои биле засегнати од новите услови под кои државата ги принудила да ги обработуваат имотите.

Непосреден повод за излевање незадоволство и за спротивставувањето претставувало барањето на надлежните државни органи половината од семето за сеидба да падне на товар на непосредните земјоделски производители. Ова инсистирање на државата бездруго претставувало доволна причина за незадоволство и за отпор, но причините за судирот секако биле подлабоки и посериозни. Земјоделските производители биле незадоволни, не толку од одлуката да ја издвојат едната половина од своето жито за семе, колку од начинот на кој новата државна власт продолжила да ги третира и од положбата во која се нашле како непосредни обработувачи на земјата. Македонското селанство во целина очекувало по завршувањето на војните и протерувањето на турскиот поробувач да дојде до праведна распределба на земјата. Чифлигарското население, кое под различни услови ги обработувало имотите на чифликсајбиите, очекувало конечно и праведно решение на аграрното прашање, т.е. дека најпосле ќе ги добие во своја сопственост имотите кои ги обработувало со генерации и со децении. Разочарувањето било огромно кога чифлигарското население увидело дека новата државна власт нема намера да му ја даде во сопственост земјата која ја обработувало. Нема сомнение дека новите изворни податоци и материјали уште подобро ќе го осветлат овој настан, со што воедно ќе ги продлабочат и нашите сознанија за неговите подлабоки општествени причини и последици.

Risto HRISTOV

# SUR "LA RÉVOLTE" DES PAYSANS DE LA RÉGION DE KRUSEVO (1912-1992) CONTRE LA RÉALISATION DE LA RÉFORME AGRAIRE (R É S U M É)

A partir de la fin des Guerres balkaniques (1912-1913) et surbout après la Première guerre mondiale (1914-1918), la Sebie commence à coloniser sur le territoire de la Macédoine du Vardar des habitahts des autres régions du Royaume des Serbes, Croates et Slovènes et en particulier de la Serbie. L'intention de l'état serbe à travers la colonisation était de pénétrer dans la vie politique, économique et spirituelle des macédoniens, et tout cela dans le but d'une future annexion de la Macédoine à la Serbie, et dénationalisation et serbisation du peuple macédonien.

Pour réaliser la colonisation en Macédoine, le pouvoir serbe avait besoin des biens foncières, de la terre arable, des prés, des bois, des pâturages. A part les "tchifliks" dont les propriétaires ont quitté la Macédoine et sont partis pour Turquie, pour les besoins des colons, le pouvoir serbe a touché aux propriétés foncières des agriculteurs macédoniens.

Le désordre dans les rapports entre l'agriculture et le droit, et la question irrésolue à propos la propriété de la terre ont apporté beaucoup de malheurs au peuple macédonien. Dans le but de sauvegarder les tchifliks pour les besoins des familles des colons, les organes du pouvoir serbe ont proclamé sans valeur tous les documents d'achat et de vente avec lesquels les propriétaires de tchifliks avaient vendu leurs biens foncières aux paysans macédoniens. Cela a provoqué le mécontantement des paysans macédoniens.

Sur la base des documents recueillis des fonds du Ministère du commerce et de l'industrie des Archives de Yougoslavie de Belgrade, dans cet article sont exposés nombreux et différents problèmes avec lesquels se sont confrontès les agriculteurs des villages de la région de Krusevo, au cours des annés 1921 et 1922. Leur mécontantement a pris des dimensions de révolte contra le pouvoir de l'État et contre les organes du pouvoir serbe sur le terrain. On peut affirmer avec certitude que la situation était la même dans les autres régions de la Macédoine du Vardar.